СИНДИКАТ
УПОЗ

# БИЛТЕН

НА ЧЕТИРИНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ
НА СИНДИКАТОТ НА УПОЗ • БРОЈ 2 • 08.06.2008

14 СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ
14
УПОЗ
ОХРИД '08




DOVIDUVAWE DO 15-te SIS-UPOZ - 2009

**Поздравен збор на претседателот на Синдикатот на УПОЗ Ванчо Муратовски на отварањето на Четиринаесеттите спортски игри и средби**




# ДА СЕ ДРУЖИМЕ И НАТПРЕВАРУВАМЕ - НЕКА ПОБЕДАТ НАЈДОБРИТЕ

Почитувани драги мои членови, дами и господа, почитуван гронačалнику на градот домаќин-Охрид, почитувани колеги од Хрватска и Црна Гора. Мило ми е што повторно сме заедно и покрај тоа што не сме во таков број како што вообичаено знае УПОЗ да има, но опструкциите започнаа и покрај тоа што не сакав да зборувам за тоа, но за жал морам.

Очекував дека ќе има напади, но не толку брзо. Затоа сите треба добро да ги отвориме очите бидејќи овој синдикат не е како што некој сака да каже „на Муратовски„. Точно е дека сум го формирал, но синдикатот сте вие - членовите, не Муратовски. После мене ќе дојде некој друг и ќе останете вие членовите. Затоа внимавајте што ви се случува кај вас, издржете, се поминува.

Во овие 100 години синдикатот имал многу премрежија, ќе го помине и ова.

Во овие 100 години синдикатот имал успеси и падови како сите синдикати во светот, но барем сме успеале 100 години да издржиме.

Некој не успеал ни две години. Со сила некој се турка да биде синдикат, но знаете како е со недоносените, тоа сигурно не може да трае долго.

Овој синдикат ќе опстои, тоа да им биде јасно на сите!

Ви благодарам што сте сите заедно, што размислувате како мене синдикално. Сакам во иднина да имаме уште поголеми успеси. Сме направиле многу иако често некои прашуваат, можеби малку злобно, што Синдикатот направил за мене. Направил Колективни договори кои не дозволуваат баш така лесно како што некој сака да ве отпушти или смени.

За илустрација само ќе ви укажам на следново: минатата година во ССМ имавме 32.000 барања по разни основи. Од тие, околу 13.000 синдикатот ги доби по судски пат. Во 94.6% успешно сме ги завршиле работите и сме ги заштитиле нашите членови. Тоа е показател дека сме успешни, а да не зборуваме за нашиот Солидарен фонд кој 15 години опстојува и од кој се дадени преку 600.000 евра неповратна помош на секој оној на кој му била потребна. Тоа значи дека овој Синдикат успешно функционира сите овие години и се надевам дека тоа така ќе биде и во наредните години. Можеби некои после 100 години ќе ги спомнуваат нашите успеси, ако ништо друго ќе ги гледаат сликите од нашето дружење. Но сега не е време за тоа. Тука сме да се одмориме од маките и да уживаме, затоа ви посакувам убаво да си поминете овие денови, не е важно кој ќе победи важно е да се дружиме.

Нема потреба да ви кажам колку ве сакам и навистина вие сте ми единствен мотив, инаку не би ги издржал сите притисоци и маки сите овие години.

Ви благодарам за поддршката што ми ја давате и на крај ќе завршам со тоа што 14 - тите спортски игри и средби на Синдикатот на работниците од управата, правосудството и здруженијата на граѓани на РМ ги прогласувам за отворени.

## ОБРАЌАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОХРИД, АЛЕКСАНДАР ПЕТРЕСКИ

# ТОПЛО ДОБРЕДОЈДЕ

Почитувани дами и господа, уважени гости од синдикатите од странство.

Со задоволство ја прифатив поканата на почитуваниот г-дин Муратовски да ве поздравам бидејќи одржувањето на ваков импозантен собир во Охрид претставува и знак на признание за нашиот град. Охрид кој е познат ширум светот по многу нешта наследени од минатото, познат е и како град со космополитски дух, како град за чиј развој ние како локална власт навистина водиме првенствена грижа, но тој му припаѓа на светот. Затоа во него е добредојден секој кој сака со своите идеи, иницијативи или инвестиции да придонесе повеќе за развојот на Општината.

Убеден сум дека вие како синдикалци и претставници на синдикалните организации на УПОЗ сте доволно информирани за економската состојба на нашата општина, но и за напорите што ние како локална власт ги вложуваме, во рамките на нашите ингеренции, за надминување на економското сивило карактеристично за овие долги години на транзиција. Точно е тоа дека своевремено Охрид беше светла точка на македонското стопанство со преку 23 илјади вработени и со силно развиена синдикална активност. Ние сме свесни дека ова што е денешна состојба, претставува данок на транзицијата и затоа не останувамe само на к ажување за она што било некогаш. Напротив, како локална власт, неуморно работиме на развој на оние дејности кои значат заживување на стопанската активност, повеќе вработувања и обезбедување егзистенција за повеќе сограѓани. Несомнено е дека тоа, од своја страна, ќе резултира и со зајакнување на синдикалното организирање и зголемени активности на вработените како членови на Сојузот на Синдикатите.

Верувам дека во таа насока ќе бидат од извесна полза и овој ваш собир и овие ваши средби на дружење и спортување. Во тоа име, ви посакувам успешна работа и добри спортски резултати.

На крајот, ви посакувам топло добредојде во Охрид и ви го честитам големиот јубилеј, 100 години синдикално движење во Македонија.

Благодарам.

## ОБРАЌАЊЕ НА ЗОРАН МАСОНИЌ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СИНДИКАТОТ НА УПРАВАТА И ПРАВОСУДСТВОТО НА ЦРНА ГОРА

Најпрвин дозволете во име на колешките, колегите и сите членови на синдикатот на управата и правосудството на Црна Гора да ве поздравам и да го изразам задоволството што сме вечерва овде со вас.

Бевме и минатата година во малку помал број, деновиве шестмина ќе бидеме со вас. Всушност, причина за тоа е она што се договоривме со колегите синдикалци од регионот, овие средби да прераснат во регионални средби, тие да бидат средби не само помеѓу два синдиката, туку и за синдикатите од целиот регион.

Мило ќе ни биде ако таа идеја се реализира, тоа би биле средби кои би се одржувале во секој септември, а тоа го зацртавме во потпишаниот протокол за соработка пред две години меѓу синдикатите од регионот. Нека победат најдобрите.

Оние кои знаат добро да се дружат и забавуваат, нека дојдат во Црна Гора, Хрватска, Федерацијата на БиХ, Република Српска, Србија, а ние ќе дојдеме тука.

Среќно и благодарам!

## ОБРАЌАЊЕ НА БОРИС ПЛЕША, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СИНДИКАТОТ НА ДРЖАВНИ И ЛОКАЛНИ СЛУЖБЕНИЦИ НА ХРВАТСКА

# НАШАТА СОРАБОТКА ПРОДОЛЖУВА

Почитувани пријатели, почитуван Претседателе, г-дине Градоначалник, драги колеги и колешки, ве поздравувам сите лично во мое име и во името на моите колеги. Мило ми е што повторно се среќаваме после еден месец и верувам дека ќе се среќаваме и во наредните години.

Нашите два Синдиката ги поврзува синдикалната активност, синдикалното дружење, и на жал за Македонија и Хрватска, трагичната судбина на Тоше Проески и прекрасните песни кои ги слушнавме како вовед, но тоа е животот, продолжуваме понатаму.

Јас сум уверен дека овие наши средби ќе продолжат затоа што не само што се дружиме и запознаваме, туку и разговараме за синдикални работи. За сите оние кои беа во Задар, на последната вечер го кажав следново: честитки до сите натпреварувачи кои се натпреваруваа во спортските дисциплини, оние кои победија малку повеќе нека се веселат, но честитки заслужуват и сите други.

Според тоа, сите овде кои денес и во следните денови ќе се натпреваруваат, тоа нека го прават со спортски дух а нека победат оние кои тоа навистина ќе го заслужат. Но сметам дека најважно е дека се сретнавме и повторно се дружевме.

Јас ве повикувам таа соработка да ја продолжиме и нема причина да не биде така, па затоа на сите заедно Ви упатувам еден срдечен поздрав:

Да бидете среќни и весели!

Да живееме сите среќно!






**СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ - УПОЗ 2008**
**ОХРИД, 05.06 - 08.06.2008**

# КОНЕЧНИ РЕЗУЛТАТИ

## МАЛ ФУДБАЛ

1. Д З Г Р
2. Царинска управа
3. Апелационо подрачје - Гостивар
3. Воена болница

## БАСКЕТ

**ЖЕНИ:**

1. Локална самоуправа на РМ
2. Воена болница
3. Државен завод за статистика

## КОШАРКА

**МАЖИ:**

1. Царинска управа
2. Д З Г Р
3. Министерство за земјоделие шумарство и водостопанство

## ПИКАДО

**ЖЕНИ:**

1. Фонд ПИОМ
2. С С М
3. Локална самоуправа на РМ

## ВЛЕЧЕЊЕ ЈАЖЕ

**ЗАЕДНИЧКА ДИСЦИПЛИНА**

1. Д З Г Р
2. Фонд ПИОМ
3. Локална самоуправа на РМ







# КОНЕЧНИ РЕЗУЛТАТИ

**СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ - УПОЗ 2008**
**ОХРИД, 05.06 - 08.06.2008**

## КРОС

**ЖЕНИ:**

| | |
|---|---|
| 1. Ангелина Котевска | Министерство за финансии и УЈП |
| 2. Дездемона Даути | Фонд ПИОМ |
| 3. Кошаркоска Гордана | Фонд ПИОМ |

**МАЖИ:**

| | |
|---|---|
| 1. Газмен Рамоj | Воена болница |
| 2. Виктор Ѓорѓиев | Апелационо подрачје - Штип |
| 3. Афет Јашари | Апелационо подрачје - Гостивар |

## ШАХ

**ЖЕНИ:**

1. Д З Г Р
2. Министерство за финансии и УЈП
3. Царинска управа

**МАЖИ:**

1. Царинска управа
2. Министерство за земјоделство шумарство и водостопанство
3. Апелационо подрачје - Скопје

## ОДБОЈКА

**ЖЕНИ:**

1. Царинска управа
2. Фонд ПИОМ
3. Д З Г Р

**МАЖИ:**

1. Д З Г Р
2. Царинска управа
3. Фонд ПИОМ

## ПИНГ-ПОНГ

**ЖЕНИ:**

1. Фонд ПИОМ
2. Апелационо подрачје - Скопје
3. Царинска управа

**МАЖИ:**

1. Воена болница
2. Апелационо подрачје - Штип
3. Фонд ПИОМ

## СТРЕЛАШТВО

**ЖЕНИ:**

1. Министерство за транспорт и врски
2. Царинска управа
3. Министерство за финансии и УЈП

**МАЖИ:**

1. Царинска управа
2. Министерство за транспорт и врски
3. Д З Г Р

## ТЕНИС

**МАЖИ:**

| | |
|---|---|
| 1. Ѓорѓи Петровски | Апелационо подрачје - Скопје |
| 2. Виктор Раниќ | Апелационо подрачје - Скопје |
| 3. Драган Јосевски | Апелационо подрачје - Скопје |

СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ - УПОЗ 2008
ОХРИД, 05.06 - 08.06.2008

# НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА



## ФЕР ПЛЕЈ

**КАЗНЕНО-ПОПРАВНИ УСТАНОВИ**

## СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК ВО МАШКА КОНКУРЕНЦИЈА

СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК НА ЧЕТИРИНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ ВО МАШКА КОНКУРЕНЦИЈА Е ЕКИПАТА НА **ЦАРИНСКА УПРАВА**

## СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК ВО ЖЕНСКА КОНКУРЕНЦИЈА

СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК НА ЧЕТИРИНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ ВО ЖЕНСКА КОНКУРЕНЦИЈА Е ЕКИПАТА НА **ФОНД ПИОМ**

## СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК

СЕВКУПЕН ПОБЕДНИК НА ЧЕТИРИНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ Е ЕКИПАТА НА **ЦАРИНСКА УПРАВА**

## ВТОРО МЕСТО

ВТОРО МЕСТО ВО СЕВКУПНА КОНКУРЕНЦИЈА НА ЧЕТИРИНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ ОСВОИ ЕКИПАТА НА **Д З Г Р**

## ТРЕТО МЕСТО

ТРЕТО МЕСТО ВО СЕВКУПНА КОНКУРЕНЦИЈА НА ЧЕТИРИНАЕСЕТТИТЕ СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ ОСВОИ ЕКИПАТА НА **ФОНД ПИОМ**






14 СПОРТСКИ ИГРИ И СРЕДБИ
УПОЗ
ОХРИД '08





















